ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
„КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“
БР. 01-162/1
21. 12. 2020 год.
НОВАЦИ

Архивски знак: 0102
Рок на чување: ТРАЈНО
28.12. 2020 год. Потпис
Новаци

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
**КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

**Врз основа на член 19 став 2 точка 2 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12 ) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности "КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" – Новаци, Управниот одбор на ден 21.12.2021 година, ја усвои следната:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

| Примено: | 23. 12. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 784/1 | | |

# ПРОГРАМА

**за работа на Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена“ - Новаци, за 2021 година**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**Декември, 2020**

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“ - НОВАЦИ

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена“ - Новаци, се основа заради вршење на дејности од комуналната област кои се од јавен интерес од локално значење, а се сметаат за незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Новаци.

Како главна дејност на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ - Новаци е собирање и транспортирање на комунален и друг вид неопасен и инетрен отпад, но врши и други дејности предвидени со Статутот.

Општина Новаци, како основач на претпријатието, активно учествува во целокупната планирана активност за работата на претпријатието за наредната година и секако дека во секој момент можи да ни наложат да се работат други задачи и работни активности.

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Средината во која што човекот живее, работи и се движи, потребно е да биде беспрекорно чиста и хигиенски - санитарно одржана согласно законската регулатива и правилници за работа донесени на ниво на Република Северна Македонија.

Ова се однесува на домовите, работните простории, тротоарите, околу домовите, фирмите и улиците по кои се движат граѓаните.

Отпадот кој се создава во индивидуалните простории под покриена површина и од дворно место, треба да биде навремено отстранет и транспортиран до соодветната депонија во Општина Новаци.

Со Законот за Комунални дејности, Законот за управување со отпад, Законот за јавна чистота и подзаконската регулатива, се регулираат правата и обврските на корисниците, правата и обврските на создавачите на отпад, како и правата и должностите на давателот на услугите во случајот Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ – Новаци.

Ј.П.К.Д „Комунална Хигиена“ - Новаци собира, транспортира комунален цврст отпад во неколку населени места во Општина Новаци. Располагаме со 1 (едно) специјализирано возило за собирање на смет (МЕРЦЕДЕС АТЕГО 815) со надградба (ЕФЕ 222).

Во 2020 година, Јавното Претрпијатие, согласно законот за Управување со отпад и Законот за комунални дејности, покрена постапка кон РЕК Битола кој се наоѓа на територијата на Општина Новаци, за вршење на услугата за собирање, транспортирање и депонирање на неопасен отпад од страна на Јавното Претпријатие. Во месец декември, Јавното Претпријатие конкурираше на јавни набавки и склучи договор за соработка со РЕК Битола. Исто така се покрена постапка и до Ј.П. „Комунлец“ - Битола за отстапување на стопанисување на депонијата Мегленци која исто така се наоѓа на територијата на Општина Новаци.

Програмата за поставување на времени објекти и урбана опрема е донесена од Советот на Општина Новаци. Според микролокациските услови издадени од Општината, имаме постевено контејнери на одредени фреквентни локации во повеќе населени места во кои делуваме.

Во изминатава година имаме депонирано 260 тури од по 8 $m^3$, а тоа би изнесувало околу 2.080$m^3$ отпад или 625 тони, според специфичната тежина на отпадот. Со спроведување на депонирање на отпад од дополнителните села како што се Брод, Бач, Гнеотино, Живојно, Маково, Ореово, Арматуш заедно со РЕК битола количината за депониран отпад би се зголемила за 270 тони.

Во 2021 година се планира да се постават 22 контејнери за селекција на комунален отпад на места каде што се исфрлува поголема количина на хартија, пластика и стакло кои што ќе служат за селектирање на тој отпад. За да се обезбедат сите услови за селектирање на отпадот ќе се склучи договор за надворешно патрнерство со правно лице кое поседува дозвола за вршење на соодветна дејност. Контејнерите ќе ги обезбеди надворешната правното лице. Селектираниот отпад ќе се депонира во магацински склад за третирање на отпад кој што ќе го обезбеди јавното претпријатие. На тој начин, правното лице ќе го собира отпадот од магацинот и ќе го откупува од Јавното Претпријатие.

На територија на Општина Новаци имаме диви депонии кои ја загадуваат животната средина во која живееме и не ни даваат убава слика за нашата околина за кои ќе настојуваме покрај редовното собирање на сметот, преку организирани акции со ангажирање на дополнителни лица по потреба, да се исчистат голем број на истите. Во соработка со инспекторот за животна средина и комуналните редари, применувајќи ги одредбите на Законот за јавна чистота, се надеваме дека нема да дојде до нивно повторно загадување. Свесни за еколошките и здравствените последици од многуте диви депонии низ Општина Новаци, ќе дадеме иницијатива до Градоначалникот со помош на Невладините организации да се изнајде решение за подигање на свеста на граѓаните.

Значењето на поставените цели за управување со отпадот е од суштинско значење бидејќи со нив се дефинира комплекс од долгорочни, меѓусебно поврзани насоки и активности, се со цел:

- да се контролира движењето на отпадот;
- да се намалат количините на создаден отпад;
- да се искористи материјалната и енергетската вредност на отпадот (селекција);
- да се намалат количините на опасни супстанции во отпадот;
- да се обезбеди прифатливо депонирање од аспект на заштита на животната средина;
- да се спречи формирањето на нови отперетувања на животната средина што ќе треба да ги решаваат идните генерации;
- да се санираат оптоварувањата на животната средина коишто вршат негативни влијанија врз животнта средина и врз здравјето на луѓето.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Динамиката на изнесувањето на отпадот содржан во соодветни садови се врши согласно оваа програма, а заради обезбедување на организиран пристап во собирањето, транспортирањето и депонирањето до соодветната депонија на комуналниот отпад, како и обезбедување на целосна контрола врз работата во извршувањето на задачите.

Во оваа програма се опфатени задачи кои по обем ги определуваат границите на еден реон. Реонот е основна организациона и оперативна единица во која се карактеризирани обемот, динамиката и времето на дејствување. Во определување на реоните воедно е сметано истите да претставуваат една целина со определена динамика на изнесување на отпадот поединечно за секоја услуга во реонот.

Бројот на корисници на комуналната услуга изнесува 538 физички лица и 22 правни субјекти и 1 училиште.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјално комунално возило наменето за таа цел кое што обезбедува сигурен и безбеден транспорт на отпадот од местото на собирање до местото на депонирање на истиот. Возилото е соодветно обележано за да се види јасно неговата намена и вршителот на јавната услуга. Специјалното комунално возило ги исполнува барањата и стандардите за димензиите, вкупните маси и оптеретување. Истото редовно се одржува во исправна состојба, но се трошат големи финасиски средства за резервни делови, масти и мазива.

Неделниот распоред за собирање на сметот од страна на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ - Новаци од домаќинствата и правните субјекти се одвиваше на следниот начин:

**Отпад од канти на физички и правни лица**

| ПОНЕДЕЛНИК | | | | ВТОРНИК | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Реон** | **Канти** | **Тури/ дневно** | **Ред. број** | **Реон** | **Канти** | **Тури/ дневно** |
| **1.** | с. Новаци | 190 | 2 | **1.** | с. Гермијан | 52 | 1 |
| | | | | **2.** | с. Рибарци | 23 | |
| | **Вкупно:** | **190** | **2** | | **Вкупно:** | **75** | **1** |

| СРЕДА | | | | ПЕТОК | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Реон** | **Канти** | **Тури/ дневно** | **Ред. број** | **Реон** | **Канти** | **Тури/ дневно** |
| **1.** | с. Добромири | 74 | 1 | **1.** | с. Новаци | **90** | **1** |
| **2.** | с. Долно Агларци | 32 | | | | | |
| **3.** | с. Горно Агларци | 40 | 1 | | | | |
| **4.** | с. Далбеговци | 37 | | | | | |
| | **Вкупно:** | **183** | **2** | | **Вкупно:** | **90** | **1** |

Вкупно се подигнаа 538 канти неделно од физички и правни.

**Отпад од контејнери**

| **Ред. број** | **Реон** | **Контејнери** |
|---|---|---|
| **1.** | с. Новаци | 18 |
| **2.** | с. Добромири | 1 |
| **3.** | с. Гермијан | 1 |
| **4.** | с. Долно Агларци | 1 |
| **5.** | с. Далбеговци | 1 |
| **6.** | с. Рибарци | 1 |
| **7.** | с. Бач | 1 |
| **8.** | с. Живојно | 1 |
| **9.** | с. Скочивир | 2 |
| **10.** | Излетничко место - Коњарка | 1 |
| | **Вкупно:** | **28** |

Вкупно се подигнаа 28 контејнери неделно од реоните за кои е задолжено претпијатието.

## ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Возач | 1 |
| 2. | Работник за собирање на отпад | 2 |
| 3. | Работници (привремено ангажирани преку Агенција за привремени вработувања) | 2 |
| | **Вкупно:** | **5** |

Во текот на 2021 година во план сме на преземање на уште 7 населени места. За таа цел во почетокот на 2021 година ќе се набави уште еден камион за собирање и транспорт на отпад, со што би се оствариле подобри услови за собирање , транспорт и депонирање на неопасен отпад. Новиот камион за собирање и транспорт на отпад ќе овозможи услови за собирање на отпадот во селата: Бач, Брод, Живојно, Гнеотино, Арматуш, Маково, Орехово каде што вкупно ќе опфатиме 260 домаќинства. Исто така со склучувањето на договорот за собирање, транспортирање и депонирање на отпад се отпочнува со работа со РЕК Битола при што ќе биде потребно вработување на уште тројца работници кои ќе ја извршуваат работата.

Поради обилноста на работите неделниот распоред би излгедал вака:

### Отпад од канти на физички и правни лица

**ПОНЕДЕЛНИК**

| Ред. број | Реон | Канти | Тури/ дневно |
|---|---|---|---|
| 1. | с. Новаци | 190 | 2 |
| | **Вкупно:** | **190** | **2** |

**ВТОРНИК**

| Ред. број | Реон | Канти | Тури/ дневно |
|---|---|---|---|
| 1. | с. Гермијан | 52 | 2 |
| 2. | с. Бач | 59 | |
| 3. | с. Брод | 28 | |
| 4. | с. Живојно | 73 | 1 |
| | **Вкупно:** | **212** | **3** |

**СРЕДА**

| Ред. број | Реон | Канти | Тури/ дневно |
|---|---|---|---|
| 1. | с. Добромири | 74 | 1 |
| 2. | с. Долно Агларци | 32 | |
| 3. | с. Горно Агларци | 40 | 1 |
| 4. | с. Далбеговци | 37 | |
| | **Вкупно:** | **183** | **2** |

**ЧЕТВРТОК**

| Ред. број | Реон | Канти | Тури/ дневно |
|---|---|---|---|
| 1. | с. Арматуш | **20** | **1** |
| 2. | с. Орехово | 20 | |
| 3. | с. Маково | 20 | |
| | **Вкупно:** | **80** | **1** |

**ПЕТОК**

| Ред. број | Реон | Канти | Тури/ дневно |
|---|---|---|---|
| 1. | с. Новаци | 90 | 1 |
| 2. | с. Рибарци | 23 | 1 |
| 3. | с. Гнеотино | 20 | |
| | **Вкупно:** | **133** | **2** |

Вкупно ќе се подигнаат 798 канти неделно од физички и правни.

**Отпад од контејнери**

| Ред. број | Реон | Контејнери |
|---|---|---|
| **1.** | с. Новаци | 18 |
| **2.** | с. Добромири | 1 |
| **3.** | с. Гермијан | 1 |
| **4.** | с. Долно Агларци | 1 |
| **5.** | с. Далбеговци | 1 |
| **6.** | с. Рибарци | 1 |
| **7.** | с. Бач | 1 |
| **8.** | с. Живојно | 1 |
| **9.** | с. Скочивир | 2 |
| **10.** | Излетничко место - Коњарка | 1 |
| | **Вкупно:** | **28** |

Вкупно ќе се подигнаат 28 контејнери неделно од реоните за кои е задолжено претпијатието.

Подигањето на отпад од РЕК Битола ќе се извршува секој работен ден. Дневно ќе се прават по 5 тури, а доколку се констатира дека има потреба од повеќе, ќе се прават онолку тури колку што ќе биде потребно. Отпадот во РЕК Битола е собиран во контејнери од 5m$^3$ за кои собирањето и транспортот, Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" – Новаци ќе го извршува со подигач за тие контејнери кое претпријатието го зема на користење со договор со претпријатие кое располага со таков вид на возило. Поради тоа, во 2021 година, претпријатието ќе се залага за набавка на таков вид на комунално возило.

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| **1.** | Возач | 2 |
| **2.** | Работник за собирање на отпад | 4 |
| **3.** | Работници (привремено ангажирани преку Агенција за привремени вработувања) | 2 |
| | **Вкупно:** | **8** |

### ОЧЕКУВАНИ ПРИХОДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Во 2021 година, очекуваме да се зголеми наплатата на сметки за 20%, при што месечниот приход би изнесувал околу 150.000 денари, а годишниот приход од сметките за отпад од физички и правни лица би изнесувал околку 1.800.000 денари. Во оваа пресметка го додаваме и правниот субјект РЕК Битола од кој месечно би остварувале приход од 200.000 до 250.000 денари.

### РЕКАПИТУЛАЦИЈА – ПРИХОД ОД УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

| Ред. број | Корисници | Вкупно годишен приход од сметки |
|---|---|---|
| 1. | Сметки за подигање на отпад - домаќинства | 1.200.000 ден. |
| 2. | Сметки за подигање на отпад – правни лица | 600.000 ден. |
| 3. | РЕК Битола | 2.650.000 ден. |
| | **Вкупно:** | **4.450.000 ден.** |

## ВОДОВОД

Во изминатите години, некои од населените места имаа големи проблеми со водоводната мрежа. Претежно во тие населени места водоводот е локален со кој стопанисува месната заедница и наплатата не можеше да се изврши. По нивна иницијатива беше направен состанок од кој произлезе и договор за преземање на водата од страна на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ - Новаци. Таква акција се изврши во населените места Бач, Брод и Живојно. Во план и преговори сме за превземање на водоводи од уште неколку населени места како што се Новаци, РЕК Битола, Старавина, Градешница и Зовиќ, со што редовно ќе се врши контрола на водата за пиење со испитувања и редовно хлорирање, а притисокот ќе се обезбеди со пумпи, за кое домаќинствата ќе треба да плаќаат одредена цена која е утврдена од Регулаторна Комисија за енергетика. Покрај тоа ние ќе обезбедиме и редовно одржување на водоводната мрежа, реконструкција и санација на дел од постоечката мрежа.

Напоменуваме дека сите планирани активности со оваа Програма во секој нејзин дел ќе бидат координирани со Општина Новаци како основач на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ – Новаци, во согласност со развојната програма.

Изградба на нови водоводни приклучни линии, како и проширување на постоечките мрежни линии ќе бидат направени во зависност од можностите на претпријатието, финансиските средства и останатите субјекти кои се инволвирани во овие инвестициони активности, како и донациите. Според тоа Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ - Новаци во 2021 година ќе започна со постапка за вадење на дозвола за користење на вода и лиценца Б за изведба на објекти, за да се овозможат услови за работа по следната програма:

- тековно одржување на водоводната мрежа во Општина Новаци
- навремено и активно отстранување на сите дефекти кој што ќе се појават на водоводната мрежа во наредниот период;
- редовно хлорирање на водата за пиење со натриум хипо хлорид, набавка на истиот, редовно испитување на водата за пиење - три пати во текот на еден месец и бактеролошко-хемиско испитување од страна на ЦЈЗ Битола еднаш месечно;
- изградба на нови објекти и поставување на автоматски хлоринатори по селските водоводи;
- редовно хлорирање на водата за пиење со течен хлор (натриум хипо хлорид) на селските водоводи каде има поставено автоматски хлоринатори;
- прочистување и оградување на зафатите на вода;
- испитување за нови дополнителни извори за вода;
- замена на одреден број на дотраени фитинзи на секундарната мрежа;
- монтажа и демонтажа на постоечки зафати (брани) на река Црна и 10-ти канал;
- подигање на свеста на граѓаните за рационално користење на водата за пиење, воведување превентивни мерки за неразумно користење на вода и пристап до шахти со вентили исклучиво само од страна на вработените во претпријатието;
- вршење на замена на дотраени и нефункционални пропусни вентили на секундарната мрежа;
- реконструкција на водоводна мрежа и поставување на нови водомери со далечинско читање во ново отсапените села;
- реконструкција на резервари и разделни шахти на селските водоводи.

Одржувањето на локалните водоводи со кои стопанисува претпријатието е детално прикажано во Програмата за одржување на локални водоводи на територија на Општина Новаци.

# КАНАЛИЗАЦИЈА

## АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

На атмосферската канализација поврзани се: с. Новаци, с. Добромири, с. Горно Агларци, с. Долно Агларци и с. Гермијан.

Во делот на атмосферската канализацијата се планираат следните активности:

- тековно одржување и редовно прочистување на атмосферската канализација на територија на Општина Новаци;
- поставување на нови сливни решетки на места каде нема или каде не се доволни;

### ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Фекалната канализација за с. Новаци не е предадена на управување на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" – Новаци, но во изминатите години имало потреба од сервисирање и одржување на истата кое несомнено ќе продолжи и во 2021 година. При тоа, работата за сервисирање и одржување на фекалната канализација ќе се извршува со претходно даден налог од Општина Новаци и по извршената работа, претпријатието ќе доставува извештај за извршената работа/градежна книга со наведени сите активности при работата и фактура со цени кои се утврдени во ценовникот на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" бр. 01-167/1 од 21.12.2020 година.

## РАБОТИ И УСЛУГИ ОД НИСКОГРАДБА И ГРАДЕЖНИШТВО

Согласно Статутот и одлуката за формирање на јавното претпријатие, а по барање на Општина Новаци и жителите на општината, Ј.П.К.Д „Комунална Хигиена" - Новаци, ќе отпочне со извршување на други услуги од областа на Нискоградба, како што се:

- санација на тротоари;
- санација на шахти и други работи од нискоградба и градежништво.

Со набавката од Општина Новаци на тракторот Ландини, цистерната Сканија, ровокопач универзален MST во 2020 година и предавање на користење на истите на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" - Новаци, покрај овие услуги/работи кои што ќе ги изведува претпријатието, ќе врши и чистење и прокоп на канали како и миење и одржување на локални патишта со цистерна и слично.

Во 2020 година, Општина Новаци на јавното претпријатие ги отстапи на користење новите возила: цистерна IVECO и камион RENAULT, кои што ќе служат за чистење на јавните површини и патишта.

Јавното претпријатие има цел да извади лиценца за градба Б со која ќе се овозможи извршување градежни активности по барање на Општина Новаци, како и на сите физички и правни лица, како што се:

- изградба на шахти;
- изградба и реновирање на резервоари за вода;
- изградба и реконструкција/санација на објекти;
- изградба и реконструкција на локални патишта и слично.
- изработка на водопоила;

Работата/услугата од нискоградба и градежништво ќе се извршува со претходно даден налог од Општина Новаци или барање од физичкото или правното лице. По извршената работа/услуга, претпријатието ќе доставува извештај за извршената работа/градежна книга со наведени сите активности при работата и фактура со цени кои се утврдени во ценовникот на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" бр. 01-167/1 од 21.12.2020 година.

# УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ, ПАРКОВИ, ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАТИВНИ ПОВРШИНИ

Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" – Новаци, редовно ќе се врши чистење, метење и миење на јавните површини, како што се местата пред јавните установи и други јавни површини од овој вид, редовно ќе се одржуваат јавните патишта чисти со метење и миење на истите, косење на тревата околу патиштата, чистење на отпадот околу јавните површини, чистење на земја до банкините и слично. Исто така уредувањето на парковите, дворните места од јавен карактер, косењето и уредувањето на парковите и зелените површини ќе се врши редовно, согласно Програмата за одржување на јавна чистота на територија на Општина Новаци која ќе биде изработена од страна на Општина Новаци и одобрена од Советот на Општина Новаци.

Оваа комунална дејност ќе биде финансирана од средствата кој ќе се побараат од буџетот на Општина Новаци по основ на одржување на јавна чистота и наплатата на надоместокот за одржување на јавна чистота која се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

## ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Со набавката на камионот RENAULT и MST-ровокопач и двата трактори кои се опремени со специјален нож за чистење на снег, Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" - Новаци, согласно Законот и дејноста за кое е формирано јавното претпријатие од страна на Советот на Општина Новаци, ќе врши одржување на локалните патишта во зимски услови на територијата на Општина Новаци, согласно Програма за Зимско одржување, која ќе биди изработена од страна на Општина Новаци и одобрена од Советот на Општина Новаци.

За таа цел ќе биди потребно вработување на двајца нови вработени, кои што ќе бидат стручни за управување со возилата за зимско одржување.

Износот ќе се наплатува во согласност со програмата за зимско одржување и ќе се пресметува по изработени сати.

# ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Финансирањето на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" - Новаци ќе биде самостојно од остварениот приход и од средства кој ќе бидат побарани од буџетот на Општина Новаци по основ на јавна чистота и извршени работи/услуги од нискоградба и градежниште, како и зимско одржување.

## СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ

- Снабдување со вода за пиење ............................................................ 250.000 ден.
- Собирање на отпад од физички лица ................................................. 1.200.000 ден.
- Собирање на отпад од правни лица .................................................... 3.250.000 ден.

## СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ

- Надомест за Јавна чистота ............................................................... 3.040 000ден.
- Зимско одржување ........................................................................... 1.200.000 ден.
- Надомест од извршени услуги/работи од нискоградба и градежништво ........................................................................................................ 2.000.000 ден.
- Одржување на локални водоводи ........................................................ 730.000 ден.

**ВКУПНО: 11.670.000 ден.**

## РАСХОДИ

- Плати (бруто) ........................................ 6.500.000 ден.
- Услуги од агенција за привремени вработувања ........................................ 150.000 ден.
- Гориво ........................................ 1.500.000 ден.
- Регистрација на возилата ........................................ 200.000 ден.
- Резервни делови и одржување на возилата ........................................ 500.000 ден.
- Членарини ........................................ 30.000 ден.
- Книговодител ........................................ 60.000 ден.
- Судски трошоци ........................................ 100.000 ден.
- Нотарски услуги ........................................ 100.000 ден.
- Службени патувања ........................................ 120.000 ден.
- Канцелариски материјал ........................................ 90 000 ден.
- Софтвер за работа ........................................ 60.000 ден.
- Одржување на систем за наплата ........................................ 40.000 ден.
- Тековно оджување на опрема и објекти ........................................ 400.000 ден.
- Опрема за работници ........................................ 150.000 ден.
- Опрема за работа ........................................ 250.000 ден.
- Мобилни и фиксни услуги ........................................ 100.000 ден.
- Електрична енергија ........................................ 350.000 ден.
- Банкарски услуги ........................................ 120.000 ден.
- Репрезентација ........................................ 100.000 ден.
- Амортизација ........................................ 500.000 ден.
- Дозвола за користење на вода ........................................ 60.000 ден.
- Лиценца за градба Б ........................................ 60.000 ден.

**ВКУПНО: 11.540.000 ден.**

**Ј.П. за Комунални Дејности**
**„КОМУНАЛНА ХИГИЕНА"– Новаци**
**Директор**

**Борче Јовановски**